**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-10-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4934 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** (*„Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма"*).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** (*„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект"*).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Во периодот од 2 до 11 октомври 2016 година, на кој се однесува овој четврти извештај од мониторингот, примерокот за анализа на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Алфа содржи десет изданија на Вестите од 17:30 часот.

Анализирани се прилози со вкупно траење од 4 часа 16 минути и 26 секунди. Телевизијата известува за различни теми од секојдневниот живот, пред сè преку претежно информативните жанрови - извештаи, вести, изјави, а во неколку наврати се среќава и претежно белетристичкиот жанр репортажа. Информациите во вака обработените прилози, доаѓаат не само од Скопје туку и од повеќе делови на државата (Охрид, Штип, Гевгелија, Новаци, Прилеп), а заедно сочинуваат 3 часа 53 минути и 8 секунди од Вестите во 17:30 часот (Табела 1). На осврти и коментари (сопствени или преземени) се отстапени 23 минути и 18 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:45:49 | 19,65 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:20:25 | 8,76 % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:17 | 0,98 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:19:55 | 8,54 % |
| СДСМ | 00:17:45 | 7,61 % |
| Без субјекти | 00:27:14 | 11,68 % |
| Други субјекти | 00:43:46 | 18,77 % |
| Граѓански сектор | 00:12:40 | 5,43 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:50 | 0,79 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:21:33 | 9,24 % |
| Судство | 00:02:31 | 1,08 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:05 | 0,46 % |
| Локална самоуправа | 00:01:03 | 0,45 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:06 | 1,76 % |
| Претседател на РМ | 00:02:02 | 0,87 % |
| Привремена комисија | 00:04:28 | 1,92 % |
| Собрание на РМ | 00:00:57 | 0,41 % |
| ГДОМ | 00:01:25 | 0,61 % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:01:14 | 0,53 % |
| Левица | 00:00:45 | 0,32 % |
| Шарена револуција | 00:00:18 | 0,13 % |
| | **Вкупно: 03:53:08** | **100 %** |

Времето што во вестите го има добиено Владата (која е прва по застапеност) се должи на редовните активности на носителите на функции во органите на централната власт, како и на прилози за активности кои по својот карактер имаат позитивен контекст. Меѓу ваквите прилози спаѓаат: на 2 октомври „На скопското Кале откриени над 13.000 артефакти“ (2 минути и 51 секунда); на 3 октомври „Учениците Роми можат да аплицираат за стипендии“ (2 минути и 24 секунди); на 4 октомври „АВРМ: Поволни кредити за самовработување, отворање бизниси и нови работни места“ (2 минути и 43 секунди) и „Почнува есенската тура за бесплатен туристички викенд за пензионерите“ (55 секунди); на 5 октомври „Пуштена во употреба спортска сала во струшко Драслајца“ (36 секунди) и „По една деценија 'Букурешт' повторно има кабинет за страбизам“ (1 минута и 10 секунди); на 6 октомври „За 12 месеци: Од Скопје до Штип за половина час – изградбата на автопатот Штип – Миладиновци е во полн ек“ (2 минути и 49 секунди); на 7 октомври „Три нови мамографи – меѓу нив и првиот за пациентите од Крива Паланка“ (1 минута и 24 секунди); на 8 октомври „Следниот месец ќе почне изградбата на ургентен центар во Куманово“ (1 минута и 54 секунди) и „Наскоро идејно решение за новиот театар во Охрид“ (1 минута и 43 секунди); на 9 октомври „Нова инвестиција – СТС Текстајл ќе инвестира во Велес, ќе вработи 1000 лица“ (3 минути и 18 секунди); на 10 октомври „1.000 нови

работни места – германски 'Костал' почнува со работа" (2 минути и 38 секунди); на 11 октомври „Нова инвестиција: Грчки „ЦераМетал" инвестира 12 милиони евра во битолска 'Жабени' и отвора 600 нови работни места" (3 минути и 9 секунди) и „Со поддршка на грант од Владата: Од невработена мајка на 4 деца до сопственичка на старски дом" (2 минути и 15 секунди).

*„Други субјекти"* е методолошката категорија која во себе собира голем број различни субјекти, и по временската застапеност се наоѓа веднаш зад Владата. Станува збор за прилозите во кои се известува за активности на следниве субјекти: Институт „Павел Шатев", Али Експрес, МПЦ, епископ Тихон од Руската православна црква, Киро Глигоров, медиуми, АВМУ, Регулаторна комисија за енергетика, Стопанска комора, Државен универзитет Тетово, Универзитет Гоце Делчев, Здружение на градежници, НБРМ, Аурора ресорт од Берово, Балкан енерџи груп, Топлана Скопје-север, Регулаторна комисија за енергетика, ЕВН, кошаркарски клуб АБА Охрид, Народен правобранител, Македонска филхармонија, МИТ Универзитет, Кинеската компанија „Синохидро", Градежна комора при ССК, музичари, ТАВ Македонија, МЦ Галери во Њујорк, СТС Текстајл, „Костал", Здружение за текстилна индустрија, МАНУ итн.

Според распределбата на времето, следни се прилозите во кои носители на информативното јадро се граѓаните (вброени во методолошката категорија *„Без субјекти"*), потоа се амбасадорите во РМ, меѓународните институции/организации и странските политичари во интеракција со македонските, па претставниците на органите на државната управа и на јавните претпријатија.

Следуваат ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, за кои се известува преку прилози за нивните активности, ветувања и мерки во периодот пред изборите. На критиките од СДСМ понекогаш одговараат надлежни институции. Неколку прилози обезбедуваат позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ. Такви се на пример: на 3 октомври „Проектот на ВМРО-ДПМНЕ за отворање на 140 градинки ќе значи згрижување на 18.000 деца" (2 минути и 27 секунди) за кој Диме Спасов говори од позиција на член на партијата; на 4 октомври „Нови 140 градинки за подобар развој на децата и крај на листите за чекање" (2 минути и 11 секунди) со Гоце Прцуловски, претседател на Здружението на социјални работници и Илија Митров, претседател на Здружението на воспитно-згрижувачки стручен кадар и сл.

Присуство поголемо од 10 минути во вестите имаа уште различните организации од граѓанскиот сектор, а што се однесува до политичките партии, се забележуваат информации уште за три: Алијанса за позитивна Македонија, Демократски сојуз и Левица.

Гледачите најчесто имале можност директно да ги чујат изјавите на претставниците на Владата и *„Другите субјекти"*.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Претседател на РМ | 00:00:45 | 0,95 % |
| СДСМ | 00:09:42 | 12,27 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:21 | 9,29 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:07:57 | 10,05 % |
| Влада на РМ | 00:21:10 | 26,77 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:44 | 8,51 % |
| Други субјекти | 00:12:34 | 15,89 % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:44 | 0,93 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:43 | 2,17 % |
| Левица | 00:00:29 | 0,61 % |
| Граѓански сектор | 00:05:25 | 6,85 % |
| Локална самоуправа | 00:00:16 | 0,34 % |
| Привремена комисија | 00:02:36 | 3,29 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ГДОМ | 00:00:58 | 1,22 | % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:41 | 0,86 | % |
| | **Вкупно: 01:19:05** | **100** | **%** |

Телевизијата поретко ги користи претежно аналитичките жанрови. На 3 октомври се пренесува „Колумна на Никола Груевски за угледниот германски „Der Hauptstadtbrief" (3 минути и 7 секунди). Истиот ден се емитува и осврт от „Проектот на ВМРО-ДПМНЕ за отворање на 140 градинки ќе значи згрижување на 18.000 деца" (2 минути и 27 секунди).

Една од темите кои Телевизијата ги реактуелизира повеќепати се резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев. Гледачите, на 2 октомври се информирани за резултатите од оваа анкета во втор извештај (откако првичниот извештај за неа е емитуван претходниот ден). На 3 октомври се емитува осврт от „Реакции на експертите по најновата анкета на Институтот „Павел Шатев" (2 минути и 46 секунди) со ставовите на политичките аналитичари Владимир Божиновски и Петар Арсовски кои даваат свое мислење за тоа што значат резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев. Најавата за прилогот гласи: „Црната негативна кампања може да го чини СДСМ уште еден пораз на изборите. Промоцијата на проектите пак, можат да му донесат нова победа на ВМРО ДПМНЕ. Став на експертите околу резултатите од најновата анкета на Павел Шатев. Малкумина веруваат дека е можно до изборите да дојде до некое драстично поместување на расположението на граѓаните".

На 4 октомври, Телевизијата преку прилогот „Едицијата 'Црните страници на УДБА' објавена од Државниот архив на РМ е достапна за читателите" (2 минути и 32 секунди) прави осврт на ден претходно одржаната промоција на едицијата „Црните страници на УДБА", настан за кој тогаш е објавен извештај насловен „Падот на комунизмот не значеше пад на УДБА. Главна цел им била ВМРО-ДПМНЕ" (1 минута и 46 секунди). На 5 октомври се реактуелизира оваа тема преку „Трајанов vs Петровски – дали биле следени високи функционери од ВМРО-ДПМНЕ?" (2 минути и 29 секунди) во кој се спротивставуваат ставовите на директорот на Државниот архив Филип Петровски и Павле Трајанов од Демократски сојуз.

На 6 октомври, најавата за соопштението „Кривичен суд: СЈО работи со двојни аршини, квазиексперти го претворија правосудниот систем во парада" (1 минута и 31 секунда) започнува со експлицитната оценка: „Нова правна неписменост на СЈО на Катица Јанева".

На 9 октомври, по извештајот во кој се информира за одлуките на Привремената комисија за следење на медиумското претставување, да се преземат мерки против три телевизии, и во кој се пренесува изјава на нејзиниот член Цветин Чилиманов, се емитува уреднички коментар. Насловен е „Коментар: Агенцијата за медиуми и Ад хок телото се ставија во улога на цензор на медиумите" (2 минути и 3 секунди). Во него има негативен тон за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и за Привремената комисија. Се вели дека Агенцијата „наместо независно и самостојно тело се става во улога на цензор кој протежира само една политичка опција", дека одлуките за мерки се незаконски и се дава сопствено толкување на Методологијата, како и на тоа за што е изречена мерката. Потоа е пренесено соопштението на МАН. На 10 октомври, во коментаторскиот извештај „Опомени на невидено – дел од членовите не ги ни виделе спорните прилози" (3 минути и 35 секунди) има негативен тон. Во прилогот се повторуваат дел од ставовите од уредничкиот коментар од претходниот ден, за Агенцијата како цензор, и се пренесуваат изјави на Цветин Чилиманов и Љубомир Костовски, членови на Привремената комисија.

На 11 октомври во симулиран/позајмен коментар „Нетпрес: Панта Џамбазоски од соработник на тајните служби до експерт во СЈО?" (3 минути), се пренесува текст со негативен тон и рамка за новинарот Панта Џамбазоски во кој се проблематизира неговото ангажирање во Специјалното јавно обвинителство. Во прилогот се посочува дека Нетпрес објавил документи оти Џамбазоски бил соработник на тајната полиција кои ги контекстуализирал преку ставот на политичкиот аналитичар Никола Србов дека „ангажирањето на Џамбазоски во СЈО е крајно контрадикторно, бидејќи, како што велат, човек кој бил инволвиран во незаконско прислушување сега работи на иста проблематика и треба да придонесе кон нејзино разрешување. Тој, не очекува, под вакви околности, во кои вработен во СЈО бил соработник на тајната полиција, од оваа

институција да произлезе правда". По завршувањето на прилогот, водителот од студиото информира дека се обидела да добие став и од Панта Џамбазоски, кој не одговарал на телефонските повици, и дека останува отворена да ја пренесе и неговата страна.

**Член 75-б од Изборниот законик**

ТВ Алфа, во периодот од 2 до 11 октомври 2016 година емитуваше повеќе прилози за активности на власта кои имаат позитивен контекст. Поврзување на власта со политички субјект има во еден прилог:

***Алфа Вести во 17:30 часот 11.10.2016***
17:39:39 – 17:41:08 „Повеќе пари за спортот, помалку данок за компаниите и нови вработувања преку измени во законот за спорт" – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски најавува дека наскоро во собраниска процедура ќе влезе владиниот предлог за законски измени со кои ќе се овозможат мерките за поттикнување на вложувањата во спортот.

***Сектор за програмски работи***